# АКТУЕЛНА ПОНУДА ЗА ПОСТПЕЈД ТАРИФНИ МОДЕЛИ ЗА МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

**1. Роаминг дата 5GB со опцијата "Пакет по избор" за A1 Business Pro S и A1 Business Pro SIM тарифните модели .......... 2**

**2. Двојно повеќе мобилен интернет за пакети преку апликацијата "Мојот A1" .......... 2**

**3. Тарифен модел A1 Mobile Net .......... 3**

**4. 20% намалена претплата за A1 Internet, A1 Internet Plus и A1 Internet Extra за правни лица .......... 5**

## 1. Роаминг дата 5GB со опцијата “Пакет по избор” за A1 Business Pro S и A1 Business Pro SIM тарифните модели

**Важност на актуелна понудата**
Оваа понуда започнува да важи од 30.08.2023 година и е со ограничено времетрење.

**Услови за користење**
Понудата е достапна за сите правни лица кои се постоечки, ќе склучат нов или ќе го обноват својот претплатнички договор со минимално времетраење од 24 месеци на тарифниот модел A1 Business Pro S, како и за корисниците на A1 Business Pro SIM без минимално времетраење на договорот.
Претплатниците на наведените тарифни модели добиваат можност за бесплатно користење на пакетот “Роаминг дата 5GB” со активација преку апликацијата “Мојот A1”. Валидноста на пакетот изнесува 30 дена од денот на активација. По истек на периодот на важност, пакетот автоматски се деактивира, без автоматска реактивација.

## 2. Двојно повеќе мобилен интернет за пакети преку апликацијата “Мојот A1”

**Важност на актуелна понудата**
Оваа актуелна понуда започнува да важи од 01.10.2020 година и е со ограничено времетраење.

**Услови за користење**

- Актуелната понуда е достапна за сите физички и правни лица кои во рамките на времетраењето на понудата ќе направат активација на некој од следните интернет пакети преку апликацијата “Мојот A1” ќе добијат двојно повеќе интернет: Net 1GB, Net 2GB, Net 5GB, Net 1GB Up, Net 2GB Up, Net 5GB Up.
- Волуменот на мобилен интернет се добива со активација исклучиво преку апликацијата “Мојот A1”.
- Пакетите се достапни за активација за сите тарифни модели, освен за Select тарифните модели.
- Пакетите, Net 1GB, Net 2GB, Net 5GB се обновуваат автоматски на почетокот на секој пресметковен период, сè до негова деактивација по барање на корисникот која може да се направи единствено преку апликацијата “Мојот A1”. При почетната активација на овие интернет пакети, месечната претплата за првиот месец се пресметува во пропорционален износ во зависност од бројот на преостанатите денови до крајот на пресметковниот период, а во сите наредни месеци на негово користење, месечната претплата се наплатува во целосен износ до истекот на пресметковниот период, без разлика на моментот кога е побарана деактивацијата.
- Пакетите, Net 1GB Up, Net 2GB Up, Net 5GB Up се еднократни и се валидни до истекот на пресметковниот период во кој се активирани и не се обновуваат автоматски на почетокот на наредниот пресметковен период, туку е потребно повторно да се активираат. Во еден пресметковен период секој од овие пакети може да се активира најмногу до 3 пати. Еднократниот надоместок за активација на пакетот се наплатува во целост, без разлика во кој ден од месецот е активиран пакетот.

## Содржина на актуелна понудата

| Интернет пакет | Net 1GB | Net 2GB | Net 5GB | Net 1GB Up | Net 2GB Up | Net 5GB Up |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократен надоместок (ден.) | 149 | 199 | 299 | 149 | 199 | 299 |
| Вклучен национален интернет сообраќај | **2GB** ~~1GB~~ | **4GB** ~~2GB~~ | **10GB** ~~5GB~~ | **2GB** ~~1GB~~ | **4GB** ~~2GB~~ | **10GB** ~~5GB~~ |
| Тип на пакет | Повторлив (со автоматска рекативација) | | | Еднократен | | |
| Брзина на сообраќајот (download/upload) | Согласно тарифниот модел | | | | | |
| Начин на активација | Преку апликацијата Мојот А1 | | | | | |
| Име во апликацијата Мојот А1 | Net 2GB Promo | Net 4GB Promo | Net 10GB Promo | Net 2GB Promo еднократен | Net 4GB Promo еднократен | Net 10GB Promo еднократен |

## 3. Тарифен модел A1 Mobile Net

| Тарифни модели | A1 Mobile Net |
|---|---|
| **Месечна претплата (денари)** | 499 |
| Вклучен износ за национален сообраќај | |
| **Вклучен сообраќај во месечна претплата [1)]** | |
| Повици во сопствена мобилна мрежа (минути) | - |
| Повици во сопствена фиксна мрежа (минути) | |
| Повици кон национални мобилни мрежи (минути) | - |
| Повици кон национални фиксни мрежи (минути) | |
| Повици кон меѓународни мрежи (минути) | - |
| Повици во роаминг - дојдовни и појдовни кон одредени оператори и држави (минути) | - |
| SMS/MMS во сопст. моб. мрежа (бр. на пораки) | - |
| SMS/MMS кон други нац. мрежи (бр. на пораки) | |
| SMS/MMS кон меѓунар. мрежи (бр. на пораки) | -/- |
| Интернет сообраќај (во мегабајти - MB) | 20.480 |
| **Цени за користење на услуги по надминување на вклучен сообраќај во месечна претплата** | |
| Повици во сопствена мрежа (ден/мин.) | - |
| Повици кон други национални мрежи (ден/мин.) | - |
| SMS/MMS во сопст. моб. мрежа (ден/порака) | - |
| SMS/MMS кон други нац. мрежи (ден/порака) | - |
| Интернет сообраќај (ден/MB) | 0 ден. но со намалена брзина на 32/16 Kbps |
| **Воспоставување на повик (ден/повик)** | |
| Во сопст. мрежа/кон други национални мрежи | - |
| Кон меѓународни мрежи | - |
| **Интервал на тарифирање** | |
| Говорни повици (во секунди) | - |
| Интернет сообраќај (во килобајти - KB) | 1 |
| **Други Услуги** | |
| Контакт центар (077 1234)/ А1 секретарка (1222) | - |
| Повици кон бројот 1188 | 59,99 ден/повик |
| Повици кон итни служби (192,193,194,195) и услуги од општествено значење (190,197,198 и 199) - | |
| **Договорни пенали** | **Максимален износ (МКД) [2)]** |
| 1)За предвремено раскинување на договор со задолжително минимално времетраење од 24м. | 24 м. |
| | 11.976 |
| | **Фиксен износ (МКД) [3)]** |
| 2)За искористена бенефиција-набавка на терминал. опрема по повластена цена од Операторот | 24 м. |
| | 2.360 |

[1)] Со овој тарифен модел не се овозможени говорни повици како и испраќање на SMS и MMS кон мобилна и фиксна комуникациска мрежа.

[2)] Точната вредност на овој договорен пенал се пресметува во моментот на раскинување на користењето на дополнителна услуга со процентуално намалување на максималниот износ, соодветно на преостанатиот период до истек на минималното времетраење на договорната обврска.

[3] Износот на фиксните договорни пенали е непроменлив во целиот тек на задолжителното минимално времетраење на Договорот.

## Важност на тарифен модел

Овој тарифен модел A1 Mobile Net се воведува на 24.06.2020 и е со ограничено времетраење.

## Услови за користење

Овој тарифен модел A1 Mobile Net е достапен за физички и за правни лица со склучување на претплатнички договор со договорна обврска минимално задолжително времетраење на договорната обврска од 24 месеци.

## Содржина на тарифен модел

- За користење на тарифниот модел A1 Mobile Net, на претплатникот му се обезбедува соодветна SIM картичка.
- Оваа SIM картичка се продава само заедно со соодветна терминална опрема (дата стик со/без лаптоп- компјутер или таблет- компјутер).
- Претплатниците на овој тарифен модел добиваат максимална 4G брзина при користење услуга на пренос на податоци преку мобилен пристап на интернет. 4G LTE брзината зависи од повеќе фактори, како поседување соодветна uSIM картичка, карактеристиките на телефонскиот апарат, мрежниот сигнал и бројот на корисници што истовремено користат интернет од иста локација.
- Во рамките на месечна претплата на овој тарифен модел е вклучена услугата - национален сообраќај за пренос на податоци преку мобилна мрежа. Останатите услуги: говорни повици (национални и меѓународни), SMS, MMS и роаминг сообраќај НЕ се достапни за користење (забраните се автоматски активирани и не можат да бидат повторно вклучени).

## Начин на користење на тарифен модел

- При почетната активација на избраниот тарифен модел, при промена на тарифен модел или при деактивација, месечната претплата и количеството на вклучен национален интернет сообраќај за тековниот месец се пресметува и се користи во пропорционален износ во зависност од бројот на преостанати денови во рамки на еден пресметковен период.
- По надминување на количеството на сообраќајот вклучен во избраниот основен месечен пакет, претплатникот може да продолжи бесплатно да користи услуга на пренос на податоци преку мобилен пристап на интернет до крајот на пресметковниот месечен период, но со намалена брзина од 32/16Kbps (download/upload).
- По искористувањето на сообраќајот вклучен во основниот пакет, доколку претплатникот сака до крајот на пресметковниот месечен период да продолжи да користи услуга на пренос на податоци (мобилен интернет) со полна брзина, може да активира некој од редовните месечни пакети за мобилен интернет објавени на интернет страницата www.A1.mk
- Еднократниот надоместок за почетно приклучување за секоја новоактивирана претплатничка линија изнесува 59 денари.

## Правила за промена на тарифните модели A1 Mobile Net:

- Претплатникот може да го промени тарифниот модел кон тарифен модел со повисока месечна претплата од A1 Internet портфолиото во секое време;
- Претплатникот може да го промени тарифниот модел кон тарифен модел со пониска месечна претплата од A1 Internet портфолиото само по истекот на договорната обврска:
- За секоја промена на тарифен модел се наплатува еднократен надоместок од 59 денари.

## 4. 20% намалена претплата за A1 Internet, A1 Internet Plus и A1 Internet Extra за правни лица

**Важност**
Оваа актуелна понуда започнува да важи од 03.09.2019 година и е со ограничено времетраење.

**Услови за користење**
Понудата е достапна за правни лица кои ќе склучат нов или ќе го обноват претплатничкиот договор со минимално задолжително времетраење на договорната обврска од 24 месеци, на некој од тарифните модели A1 Internet, A1 Internet Plus и A1 Internet Extra.

### Содржина

| Тарифни модели | A1 Internet | A1 Internet Plus | A1 Internet Extra |
|---|---|---|---|
| Месечна претплата во денари | **399** ~~499~~ | **799** ~~999~~ | **1599** ~~1999~~ |

Со активирање на оваа актуелна понуда бизнис корисникот добива за 20% намалена месечна претплата во текот на целото времетраење на договорот.

**Правила за промена на тарифен модел за корисниците**
Доколку корисникот во текот на важноста на претплатничкиот договор изврши промена на тарифниот модел со кој ја добил оваа понуда се применуваат следните правила:
- Корисникот во било кое време од важноста на договорната обврска може да го промени тарифниот модел кон тарифен модел со повисока месечна претплата во рамки на тарифните модели A1 Internet Plus и A1 Internet Extra, при што актуелната понуда ќе остане во важност, односно корисникот ќе плаќа за 20% намалена месечна претплата за новоизбраниот тарифен модел;
- Промена кон тарифен модел со пониска месечна претплата кон тарифните модели A1 Internet, A1 Internet Plus, е дозволена само по истекот на задолжителното времетраење на договорната обврска од 24 месеци и при ваква промена актуелната понуда престанува да важи, а корисникот ќе продолжи да го плаќа износот на редовната месечна претплата од избраниот тарифен модел, без вклучена актуелна понуда/попуст.